# ПРВ УПИСЕН РОК ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Факултет за драмски уметности – Скопје

**На УКИМ Факултет за драмски уметности - Скопје , во ПРВИОТ уписен рок во учебната 2023/2024 година ќе се запишуваат студенти на следните студиски програми :**

| **СТУДИСКИ ПРОГРАМИ** | **Број на студенти** | **Траење на студиите во семестри** | **Школарина (во евра)** |
|---|---|---|---|
| **Факултет за драмски уметности** (ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр. 22) | **50** | **2** | **2000** |
| Актерска игра | 10 | | |
| Драматургија | 5 | | |
| Театарска режија | 5 | | |
| Театрологија | 5 | | |
| Филмска и тв режија | 5 | | |
| Филмско и тв сценарио | 5 | | |
| Филсмско и тв снимање | 5 | | |
| Филмска и тв монтажа | 5 | | |
| Продукција | 5 | | |

## I. Рокови за пријавување и запишување

| | **Прв рок** |
|---|---|
| Пријавување на кандидатите | **од 2.10 до 13.10.2023** |
| Запишување на кандидатите | **16 и 17.10.2023** |

## II. Право на конкурирање

Право на конкурирање имаат кандидати што го исполнуваат општиот услов да завршиле прв циклус студии на соодветни или сродни студии со освоени 240ЕКТС кредити и просечна оценка 8,00 и кои исполнуваат други услови предвидени со студиските програми за организирање втор циклус студии. Условите за запишување на студенти на Факултетот за драмски уметности во Скопје на втор циклус - едногодишни студии може да се видат на следниот линк: http://www.fdu.ukim.edu.mk/index.php?mn_sel=uz_pos , за секоја студиска програма одделно.

**Конкурсот е објавен на :**
**https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=187&glavno=40**

**III. Документи за пријавување и запишување**

Пред пријавувањето во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат треба да се регистрира на **www.upisi.ukim.mk** и да ја пополни електронската пријава од iKnow-системот.

Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во пријавата што се поднесува при пријавувањето за запишување.

Пријавувањето на кандидатите се врши во службата за студентски прашања на Факултетот за драмски уметности – Скопје.

При **пријавувањето** за запишување на факултетите кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

- пријавен лист за запишување;

- електронска пријава (од www.upisi.ukim.mk);

- оригинален документ за завршен прв циклус студии (диплома или уверение);

- куса биографија (CV);

- мотивационо писмо ;

- потврда за активно познавање странски јазик;

- потврда за уплатена административната такса во износ од 50,00 денари (Образец ПП 50: Назив на примачот: Трезорска сметка-Скопје; Банка на примачот: НБРСМ; Трансакциска сметка 100-0000000-630-95; Уплатна сметка 840-XXX-03161; Конто 722313 00);

- препораки од наставни или научни работници (доколку има такви);

- список на стручни или научни трудови и примерок од нив (доколку кандидатите имаат);

- документи за евентуални награди, признанија и други документи.

**IV.При запишувањето**, примените кандидати поднесуваат:

- индекс и пријавни листови

- две фотографии (3,5x4,5)